РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-387/4
13.11.**2026 година**
С К О П Ј Е

ЗАПИСНИК
од двесте педесет и четвртата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 02 октомври 2026 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 02 октомври 2026 година, со почеток во 14:00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте педесет и четвртата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Златко Биковски, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Анела Јанковска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во својство на јавност на седницата присуствуваше и Ивана Петковска, правен експерт и координатор во Колацијата „Сите за правично судење"

Претседателот на Управниот одбор, претседател на Основен граѓански суд Скопје, Бесник Авдија, откако констатираше присуство на сите членови и дека се исполнети условите за работа, го прочита предложениот дневен ред за 254-та седница:

1. Усвојување на Записник од 253 седница на Управниот одбор одржана на 21 септември 2026 година;
2. Назначување на член на Програмски совет на Академијата за судии и јавни обвинители;
3. Утврдување на листа на предавчи како дополнување на постојаната листа на предавачи на АСЈО;
4. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори дискусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање. Дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред: Усвојување на Записник од 253-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, одржана на 21 септември 2026 година.

Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 253-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина на **точката два** од дневниот ред: Назначување на член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на редовните или вонредните професори по правни науки со академско звање доктор на науки.

Претседателот на Управниот одбор потсети дека оваа точка беше разгледувана на претходната седница на Управниот одбор, одржана на 21 септември 2026 година, кога нејзиното разгледување беше одложено поради тоа што дел од пријавните кандидати немаа доставено кратки биографии на македонски јазик. Во таа насока, Академијата беше задолжена да стапи во контакт со кандидатите и да ги обезбеди биографиите, со цел членовите на Управниот одбор да располагаат со потребната документација за одлучување.

Пред започнувањето на разгледувањето на оваа точка, директорката на Академијата побара, како и на претходната седница, да не присуствува на седницата во текот на нејзиното разгледување, со цел да се избегне евентуално постоење судир на интереси, имајќи предвид дека, согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, таа раководи со Програмскиот совет. По напуштањето на просторијата од страна на директорката, претседателот на Управниот одбор ја отвори дискусијата по оваа точка.

На почетокот, претседателот се обрати до членовите на Управниот одбор со прашање дали ја добиле и ја разгледале документацијата доставена од пријавените кандидати. Сите членови потврдија дека ја добиле и ја разгледале доставената документација.

За збор се јави членот на Управниот одбор, Башким Бесими, кој предложи пред да се пристапи кон гласање да бидат прочитани пријавите на кандидатите.

Постапувајќи по предлогот, претседателот на Управниот одбор ги прочита имињата на сите пријавени кандидати, имајќи предвид дека членовите претходно се запознале со нивните професионални биографии.

По читањето на имињата на кандидатите, членовите на Управниот одбор накратко дискутираа, при што беше истакнато дека сите кандидати имаат богато професионално искуство и импресивни професионални биографии.

Потоа, претседателот на Управниот одбор пристапи кон одделно гласање за секој од пријавените кандидати.

При гласањето за професорот Блертон Синани, кандидатот доби 5 гласа „ЗА" и 4 гласа „ПРОТИВ".

При гласањето за професорот Беким Нухија, кандидатот доби 4 гласа „ЗА"и 5 гласа „ПРОТИВ".

При гласањето за професорката Татијана Ашталкоска Балоска, кандидатката доби 2 гласа „ЗА"и 7 гласа „ПРОТИВ".

Врз основа на спроведеното гласање, за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители беше избран професорот Блертон Синани.

Точката три од дневниот ред се однесуваше на Утврдување на листа на предавачи како дополнување на постојаната листа на предавачи на АСЈО. Од страна на Програмскиот совет до Управниот одбор на Академијата беше доставена Информација за пријави на предавачи кои добија позитивно мислење од Програмскиот совет на Академијата бр. 03-2/50 од 24.09.2026 година. Имено, на 29та седница на Програмскиот совет одржана на 18 септември 2026 година беа разгледани пријавите на: Гаврил БУБЕВСКИ, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје; М-р Мирјана БАШЕСКА ЈОНЕСКА, раководител на Одделение за информатичка безбедност, Врховен суд на Република Северна Македонија; Д-р Зоран БУРИЌ, раководител на постдипломските докторски и постдипломските специјалистички студии по кривично-правни науки на Правниот факултет при Универзитет во Загреб, Република Хрватска и Рахела ВАЛЕНТИЌ, судија на Жупански суд Загреб, Република Хрватска и сите четри пријави добија позитивно мислење од страна на членовите на Програмскиот совет.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателот на УО ја стави на гласање точката три од дневниот ред. Предлог листата на предавачи како дополнување на постојаната листа на предавачи беше едногласно утврдена од членовите на УО.

Под точката разно согласно член 11 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, став 21, директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски ги

информираше членовите на УО за барањето за продолжување на соработката со Програмата ХЕЛП при Советот на Европа. Со оглед дека станува збор за продолжување на повеќегодишна соработка, директорката ги запозна со областите во кои оваа соработката треба да продолжи во иднина, се со цел унапредување на вештините и знаењата на судиите и јавните обвинители.

Директорката на Академијата, исто така, ги информираше членовите на Управниот одбор за добиениот одговор од Министерството за правда во врска со статусот на Предлог-законот за Академијата за судии и јавни обвинители. Притоа, посочи дека во одговорот е наведено оти на почетокот на месец септември, преку Министерството за европски прашања, до Министерството за правда биле доставени забелешките на Европската комисија во однос на Предлог-законот, по што се пристапило кон нивно разгледување и усогласување на текстот на Предлог-законот со доставените забелешки.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени и никој не се јави за збор, претседателот на Управниот одбор ја затвори 254-та седница на Управниот одбор на Академијата во 14:30 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Анела Јанковска
Советник за правни пребарувања и односи со јавност